21 мај 2017
21:48

Утрински весник

АКТУЕЛНО

Коцијанчич: Решението на кризите во Македонија и во Албанија е резултат на силна работа

И покрај ладното време лицата со посебни потреби не се откажаа од кампување

Иванов: Со Јордан постигнавме напредок во сферата на разузнавање и размена на информации

47 2.43 % КМВ 2,707.74 3.02 % MKSD 190.00 11.76 % MPT 27,450.00 3.58 % MTUR 3,700.00 8.82 % ОНВ 4,680.95 2.90 % REPL 43,000.00 2.38 % RZLE 16

Tweet Follow @UtrinskiVesnik Ми се допаѓа 0

01.03.2009, 17:01

МОРАМЕ ПОСТОЈАНО ДА ГО БАРАМЕ СВОЕТО МЕСТО

Ликовниот уметник Велимир Жерновски смета дека постои сериозна потреба Скопје да се разигра

Катерина Богоева

Ликовниот уметник Велимир Жерновски е добитникот на првата, годинава востановена награда на 8 - то Биенале на млади ликовни уметници, која ќе му овозможи во 2010 година, своето творештво да го претстави на самостојна изложба во Музејот на современата уметност во Скопје. Награден е за делото „The Walk“, поставено на актуелната изложба што во Музејот се одржува на тема „Идентитети“.

За „натпреварувачкиот“ карактер на Биеналето, вели дека дознал вечерта пред отварањето на изложбата. „Тие денови бев во постојано движење и не успеав да прочитам за одлуката на МСУ оваа година, Биеналето да резултира со награда. Воопшто немав време да размислувам за наградата, ниту да ја посакувам или очекувам, што пак не значи дека не сум посакувал, еден убав ден да изложувам во МСУ. Тој простор од секогаш завземал голем дел како од мојата фантазија, така и од моето професионално надоградување. Музејот на современа уметност со себе носи референтна историска и цивилизациска тежина, така што да се изложува во него е голема чест, но пред се е голема одговорност. Одговорност, како пред една институција од таков вид, така и пред публиката и стручната јавност, па и пред самиот себеси“.

Како автор присутен на домашната, но и на меѓународната ликовна сцена, Жерновски смета дека Биеналето одлично помина кај публиката, посочувајќи дека проектите од таков вид, но и уметноста воопшто, се ценат по реакциите. За потсетување, вечерта на отворањето на изложбата имаше снежно невреме, но и многу публика. „Најмалку е важно какви се реакциите или кои од нив преовладуваат. Најважно е да има реакции, што на мое големо задоволство, а се надевам и на задоволство на куратерот – Мира

Електронско издание

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ДРАМА НА ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ ВО КАН: ОПАСНОСТ ОД БОМБА!
- ГОРЧЕСКА СЕ ПОДГОТОВУВА ЗА РОЛАН ГАРОС
- СЕАТ КОЧАН ОСТАНУВА ДА СЕ БРАНИ ОД СЛОБОДА
- ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ
- СДСМ И БЕСА РАЗГОВАРЛЕ ЗА ПРИНЦИПИТЕ,А НЕ ЗА ПОДЕЛБА НА РЕСОРИТЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

НЕД	ПОН	ВТО	СРЕ	ЧЕТ
21	21	22	21	21
ПЕТ	САБ	НЕД	ПОН	ВТО
19	21	22	24	26

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Гаќина, ги имаше доста. Слушав најразлични коментари, но не слушнав некој да останал рамнодушен“.

Неговиот награден проект е сочинет од видео и цртеж, кои мошне суптилно како целина, отвораат размисли поврзани со актуелните цивилизациски дилеми и прашања за човековиот идентитет. Авторот потенцира дека „The Walk“ всушност зборува за еден проблем кој одново и одново се јавува, но дека некако поминува незабележан, дека постојано е присутно чувството на отсуство од адекватна реакција.

„Во право сте кога констатирате дека визуелно, делото комуницира на доста суптилен начин, но за жал, проблемот кој го обработува е суров и неоправдлив. Делото зборува за континуираното насилство врз „различните“, оние кои не влегуваат така лесно во воспоставените општествени норми. Но, исто така зборува за стравот, за апсурдноста и лицемерието. Во видеото користам извадок од интервју со Џудит Батлер, каде таа раскажува за еден грозоморен настан, во кој едно младо момче е убиено само заради начинот на кој се движи. Но, приказната не завршува тука, делото има повеќе слоеви. Овој настан отвара други прашања кои нималку не се едноставни да се одговорат. Современото општество сеуште не наоѓа механизми да се справи со ваквите, да ги наречам фобии, кои резултираат со насилство и убиства во крајна линија.

Како што и самата Џудит прашува: „Зошто некој би бил убиен само поради начинот на неговиот од? Тука ја гледаме целата апсурдност и слободно можам да речам, еволутивен застој. Зарем тоа не е сериозен дел од стварноста на кој треба сите да работиме?“

За континуираната, но и се погласна заинтересираност на уметниците не само кај нас, туку воопшто во светот, за дефинирање на идентитетот, Жерновски вели:

„Ах, идентитет. Идентитетот е тука. Сакале ние или не, со себе носиме идентификации и истите постојано ги преиспитуваме и менуваме. Уметниците како и секој човек, ги толкувале своите, и идентитетите на својата генерација од секогаш. Не би се сложил дека е тоа нова форма на размислување. Можеби во поновата историја повеќе се свртевме кон себеси, кон она што лично не возбудува, но идентитетот мислам дека секогаш ќе биде жешка точка на расправа, што и не е така лошо. Мораме постојано да го бараме своето место и мораме постојано да ја преиспитуваме нашата позиција, инаку би згаснале, ќе не снема. Кога велам идентитет, мислам единствено на личниот и оној човечкиот. Барањето на некаков идентитет во некои физички, територијални граници, апсолутно не ме интересира“.

На четврти јуни, овој млад автор заедно со неговиот колега Илија Прокопиев, ќе се претстават со два самостојни проекти во галерија во Фрајбург, Германија.

„Јас работам повторно на тема идентитет. Естетски делото што ќе го претставам таму, ќе ги следи моите претходни дела, но концептуално ќе се разликува. Размислував што би можело да биде релевантна паралела на двете различни средини, и се одлучив повторно да се занимавам со идентификацијата како лична, така генераciска. Проблемите и предизвиците со кои се соочува нашата генерација се секогаш актуелни и мислам дека најдобро ќе бидат прифатени од тамошната публика и критика. Кога велам прифатени, мислам дека делото ќе биде блиско и читливо за набљудувачи од било која страна на светот. Локалните проблеми многу лесно се препознаваат и како глобални, но треба внимателно да се концептуализира нивната презентација, на што ќе им посветам посебно внимание“.

Велимир Жерновски е и претседател на младата организација ФРИК –

Deutsche Welle

- Пипа кажа „Да“
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

Формација за развој на иницијативи во културата која со проекти, како што вели и самиот, сака „да го разигра градот“. „Колку детски и наивно да звучи формулацијата на нашиот моментален ангажман, смртно сериозна е потребата од ваквото делување. Скопје се помалку личи на метропола. Не би ми сметало да личи и на провинција, но колку што можам да забележам, неговите жители јасно потенцираат дека би сакале да биде метропола. Во една ваква ситуација, очекувано е тие истите да направат нешто со што на оваа средина би и прикачиле еден така горделив епитет. Од тука е нашата фрустрација и одлуката да се собереме и да направиме нешто за овој град „да го разиграме малку“. Одлучивме да делуваме како формација која ќе работи надвор од институционални рамки“.

ФРИК од 4 до 6 март во Скопје за прв пат, ќе го организира Фрик филм фестивалот, на кој ќе ја претстави современата светска видео - продукција. Досега се реализирани два, во јавноста забележани проекти. „Првиот беше во една напуштена куќа во населбата Црниче, за која многу се зборуваше, но никој не најде сили да ја искористи. Таму поставивме изложба на современ цртеж од македонски и странски автори како дел од глобалниот и долгорочен проект Independent Drawing Gig (IDG) иницира од Линас Јаблонски, уметник и професор од Вилниус, Литваниа. Во рамките на овој проект годинава, се случија изожби во галерии низ најразлични светски центри. Селекција на дела од овие изложби ќе се најде и во најновото издание на D, магазин за современ цртеж, едитиран од Јане Чаловски. Вториот проект е инсталацијата на фотографии на Кочо Андоновски. Изложбата беше поставена во просториите на главната пошта во Скопје, со што преку еден културен настан во јавен простор, сакавме да постигнеме поголема видливост на ЛГБТК заедницата во РМ. Како долгорочен проект кој треба да резултира со публикација на крајот од оваа година, е и мапирањето на нефункционалните простори во градот и можните алтернативи за нивно реконцептуализирање и оживување“.

Статијата е прочитана 1740 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

„Оган и вода“ на Урдин е селектиран на фестивал во Њујорк
Годишно собрание на ИКОМ
Посебно признание за „Плати и жени“ на „Загреб докс“
„Македонска молитва“ против здравиот разум

РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk